**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Внатрешното упатство содржи**:

1. *Што претставува Есциталопрам Лек и за што се употребува*
2. *Што треба да знаете пред да го употребите Есциталопрам Лек*
3. *Како да го употребувате Есциталопрам Лек*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Есциталопрам Лек*

**Escitalopram Lek / Есциталопрам Лек 5 mg филм-обложени таблети**
**Escitalopram Lek / Есциталопрам Лек 10 mg филм-обложени таблети**
**Escitalopram Lek / Есциталопрам Лек 20 mg филм-обложени таблети**

ESCITALOPRAMUM

*Активна супстанција:* есциталопрам во форма на оксалат.
Помошни супстанции:
*Јадро на таблетата*: лактоза монохидрат, микрокристална целулоза, кроскармелоза натриум, хипромелоза, магнезиум стеарат, безводна колоидна силика.
*Обвивка*: хипромелоза, макрогол 6000, титаниум диоксид (E 171), талк.

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје Дооел, Перо Наков бр. 33, Скопје, Република Северна Македонија.

Име и адреса на производителот: Lek farmacevtska družba d.d., Љубљана, Словенија; Salutas Pharma GmbH, Барлебен, Германија; Lek S.A., Стриков, Полска; Lek S.A., Варшава, Полска.

## 1. Што претставува Есциталопрам Лек и за што се употребува

Една филм-обложена таблета содржи 5 mg есциталопрам во форма на оксалат.
Една филм-обложена таблета содржи 10 mg есциталопрам во форма на оксалат.
Една филм-обложена таблета содржи 20 mg есциталопрам во форма на оксалат.

Содржина на пакувањето:
Кутија со 28 таблети.

Есциталопрам Лек припаѓа во групата антидепресиви наречени “селективни инхибитори на повторното превземање на серотонин”. Овие лекови дејствуваат на серотонинскиот систем во мозокот со зголемување на нивото на серотонин. Нарушувањата во серотонинскиот систем се сметаат за важен фактор за развој на

депресија и на други слични заболувања.

Есциталопрам Лек се користи за **лекување на депресија** (големи депресивни епизоди) и **анксиозни нарушувања** (панични нарушувања со или без агорафобија, социјални анксиозни нарушувања, генерализирани анксиозни нарушувања и опсесивно-компулзивни нарушувања).

Може да бидат потребни неколку недели пред да почнете да се чувствувате подобро. Продолжете со земањето на Есциталопрам Лек, дури и ако е потребно некое време пред да почувствувате подобрување на Вашата состојба.

Посоветувајте се со Вашиот лекар доколку не се чувствувате подобро или ако се чувствувате полошо.

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите Есциталопрам Лек

**Немојте да го земате Есциталопрам Лек, ако:**

- сте алергични (преосетливи) на есциталопрам или на било која состојка на Есциталопрам Лек;
- земате лекови од групата МАО-инхибитори, како селегилин (се користи за лекување Паркинсонова болест), моклобемид (се користи за лекување депресија) и линезолид (антибиотик);
- имате вроден абнормален срцев ритам или некогаш сте имале епизода на абнормален срцев ритам (забележан на ЕКГ, што претставува преглед за испитување на функцијата на срцето);
- земате лекови за променет срцев ритам или лекови кои може да влијаат на срцевиот ритам (видете го делот 2 „Земање на други лекови").

**Бидете посебно внимателни со Есциталопрам Лек**

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да почнете да го земате лекот Есциталопрам Лек. Известете го Вашиот лекар ако имате некоја друга болест или некој друг здравствен проблем. Вашиот лекар мора да биде информиран и да има во вид, ако:

- имате **епилепсија**. Лекувањето со Есциталопрам Лек мора да се прекине ако се појават напади или ако се зголеми фреквенцијата на нивното јавување (видете го делот 4 „Можни несакани дејства");
- имате заболување на **црниот дроб** или на **бубрезите**. Вашиот лекар можеби ќе треба да Ви ја прилагоди дозата;
- имате **дијабетес**. Лекувањето со Есциталопрам Лек може да влијае на контролата на шеќерот во крвта. Можеби ќе треба да се прилагоди дозата на инсулинот или на пероралните хипогликемични лекови;
- имате намалено ниво на **натриум** во крвта;
- имате склоност кон лесно **крвавење** или кон појавување на модринки, или сте бремена (видете го делот „Бременост и доење");
- примате **електроконвулзивна терапија**;
- имате **коронарна срцева болест**;
- имате или сте имале срцево заболување или во скоро време сте имале срцев инфаркт;
- имате забавен срцев ритам и/или знаете дека можеби имате намалена количина на соли како резултат на долготрајна тешка дијареа и повраќање или земање на диуретици;
- имате забрзан или неправилен срцев ритам, несвестица, колапс или вртоглавица при станување, што може да е знак на нарушување на срцевиот

ритам;

- имате или сте имале проблеми со очите, како што се одредени видови на глауком (покачен притисок во окото).

Некои пациенти со манично-депресивна болест може да влезат во манична фаза на болеста. Оваа фаза се карактеризира со необична и брза промена на идеи, несоодветна среќа и со изразена физичка активност. Ако ова Ви се случи, советувајте се со Вашиот лекар.

Симптоми како **немир или неможност за мирно седење или стоење мирно**, исто така, може да се појават во првите недели од терапијата. Веднаш известете го Вашиот лекар ако почувствувате некои од овие симптоми.

Лековите како Есциталопрам Лек (таканаречени селективни инхибитори на повторно превземање на серотонин/селективни инхибитори на повторно превземање на серотонин и норепинефрин) може да предизвикаат симптоми на сексуална дисфункција (видете дел 4). Во некои случаи, овие симптоми продолжиле и по прекин на терапијата.

Мисли за самоубиство и влошување на депресијата или на анксиозното растројство

Ако сте депресивни и/или ако имате анксиозно растројство, понекогаш може да Ви се јават мисли за самоповредување или за самоубиство. Овие мисли може да се зголемат кога првпат се почнува лекувањето со антидепресиви, бидејќи е потребно време за да почнат да дејствуваат овие лекови, кое е обично околу 2 недели или подолго.

Поголеми се можностите да имате вакви мисли:

- ако и претходно сте имале мисли за самоповредување или за самоубиство;
- ако сте помлада личност. Податоците од клиничките испитувања, при кои се лекувале психијатриски состојби со антидепресиви, покажале зголемен ризик од самоубиствено однесување кај возрасна група под 25 години.

Ако во кое било време имате мисли за самоповредување или за самоубиство, **веднаш известете го Вашиот лекар или одете во болница.**

Можеби ќе Ви помогне ако на роднина или на близок пријател му кажете дека сте депресивни или дека имате анксиозно нарушување, а може и да го замолите да го прочита ова упатство. Може да го замолите да Ви каже ако смета дека депресијата или анксиозноста Ви се влошила или ако се загрижени за промените во Вашето однесување.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас, било кога во минатото.*

**Употреба кај деца и кај адолесценти под 18 години**

Есциталопрам Лек не треба да се употребува кај деца и адолесценти под 18 години. Треба да знаете дека пациентите под 18-годишна возраст се изложени на поголем ризик од појава на несакани дејства, како што се обиди за самоубиство, самоубиствени идеи и непријателство (агресивност, спротивставување, бес), при употреба на лекови од оваа група. И покрај ова, Вашиот лекар може да пропише Есциталопрам Лек и за пациенти под 18 години ако одлучи дека е најдобро за нив да го земаат овој лек.

Ако Вашиот лекар пропишал Есциталопрам Лек на пациент под 18-годишна возраст и сакате да поразговарате за ова, слободно обратете се кај Вашиот

лекар. Треба да го известите Вашиот лекар ако се појави или ако се влоши некој од горенаведените симптоми кога пациент под 18 години го зема овој лек. Долготрајните безбедносни ефекти на Есциталопрам Лек, во однос на растењето, созревањето, развојот на однесувањето и мислењето, кај оваа возрасна група не се докажани.

**Земање на Есциталопрам Лек со храна и со напиток**
Есциталопрам Лек може да се зема со или без храна (видете го делот 3 „Како да го употребувате Есциталопрам Лек"). Како и кај многу други лекови, не треба да се консумира алкохол за време на терапија со Есциталопрам Лек, иако не се очекува да се појави реакција помеѓу Есциталопрам Лек и алкохол.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Известете го Вашиот лекар ако сте бремена или доите, ако мислите дека можеби сте бремена или ако планирате да забремените. **Не земајте Есциталопрам Лек** ако сте бремени или ако доите, освен ако Вашиот лекар Ви го објаснил ризикот и користа од употребата на лекот.

Ако земате Есциталопрам Лек во последните 3 месеци од бременоста, треба да знаете дека кај новороденчето може да се јават следните несакани дејства: тешкотии со дишењето, сина боја на кожата, грчеви, промена на телесната температура, тешкотии со хранењето, повраќање, ниско ниво на шеќер во крвта, здрвени или млитави мускули, силно изразени рефлекси, тремор, нервоза, иритабилност, летаргија, константно плачење, сонливост и тешкотии со спиењето. Ако Вашето новороденче има некој од овие симптоми, Веднаш известете го Вашиот лекар.

Доколку земате есциталопрам тоа треба да го знае Вашиот лекар. Кога се земаат во текот на бременоста, особено во последните три месеци од бременоста, лековите како есциталопрам може да го зголемат ризикот од сериозна состојба кај бебето наречена перзистентна белодробна хипертензија на новороденчето (ПБХН), што може да предизвика бебето побрзо да дише и да има сива боја. Овие симптоми обично се јавуваат во првите 24 часа по раѓањето на бебето. Во колку тоа му се случи на Вашето бебе треба веднаш да го информирате Вашиот лекар.

Ако веќе се користи во текот на бременоста, употребата на Есциталопрам Лек не треба да се прекинува одеднаш.

Доколку земате Есциталопрам Лек при крајот на бременоста, постои зголемен ризик од тешко вагинално крвавење набрзо по породувањето, особено доколку имате историја на нарушувања со крвавење. Информирајте ги Вашиот лекар или акушер дека земате Есциталопрам Лек за да можат соодветно да ве посоветуваат.

Постои веројатност дека есциталопрам се излачува во мајчиното млеко.

За циталопрам, лек сличен на есциталопрам, е докажано дека го намалува квалитетот на сперма во студии на животни. Теоретски, ова може да влијае врз плодноста, меѓутоа сè уште не е забележан ефект врз плодноста кај луѓе.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Не возете и не управувајте со машини сѐ додека не видите како Есциталопрам Лек влијае на Вас.

**Важни информации за некои составни компоненти на Есциталопрам Лек**
Есциталопрам Лек содржи лактоза. Ако Ви е кажано од Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек контактирајте го лекарот.

**Земање на други лекови**
*Ве молиме да имате во вид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина. Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Немојте да земате есциталопрам ако земате лекови за проблеми со срцевиот ритам или лекови кои може да влијаат врз срцевиот ритам како што се класа IA и III антиаритмици, антипсихотици (пр. фенотиазински деривати, пимозид, халоперидол), трициклични антидепресиви, одредени антимикробни лекови (пр. спарфлоксацин, моксифлоксацин, еритромицин IV, пентамидин, антималарици особено халофантрин), одредени антихистаминици (пр. астемизол, хидроксизин, мизоластин).

Особено советувајте се со Вашиот лекар доколку земате:

- *Неселективни инхибитори на моноаминооксидазата (МАО инхибитори)*, кои содржат фенелзин, ипрониазид, изокарбоксазид, ниаламид и транилципромин како активни супстанции. Ако сте земале некој од овие лекови, мора да почекате 14 дена пред да почнете да употребувате Есциталопрам Лек. По прекинување на лекувањето со Есциталопрам Лек, мора да почекате 7 дена пред да почнете да ги земате овие лекови.
- *Реверзибилни селективни МАО-А инхибитори*, кои содржат моклобемид (се користат за лекување на депресија).
- *Иреверзибилни МАО-Б инхибитори*, кои содржат селегилин (се користат за лекување Паркинсонова болест) - го зголемуваат ризикот од несакани дејства.
- *Линезолид* (антибиотик).
- *Литиум* (се користи за лекување манично-депресивни растројства) и *триптофан*.
- *Имипрамин и дезипрамин* (се користат за лекување депресија).
- *Суматриптан и слични лекови* (се користат за лекување мигрена) и *трамадол* (се користи при силна болка) - го зголемуваат ризикот од несакани дејства.
- *Циметидин, лансопразол и омепразол* (се користат за лекување чир на желудник), *флуконазол* (се користи за лекување габични инфекции), *флувоксамин* (антидепресив) и *тиклопидин* (се користи за намалување на ризикот од мозочен удар) - можат да го зголемат нивото на есциталопрам во крвта.
- *Кантарион* (*Hypericum perforatum*) – хербален лек кој се користи за лекување депресија.
- *Ацетилсалицилна киселина и други нестероидни антиинфламаторни лекови* (лекови против болка и против згрутчување на крвта, таканаречени антикоагуланси) – можат да го зголемат крвавењето.

- *Варфарин, дипиридамол, фенпрокумон* (лекови кои се користат против згрутчување на крвта, таканаречени антикоагуланси). Пред да почнете со терапијата и при прекинување на терапијата со есциталопрам, Вашиот лекар ќе Ви ја провери крвта за да го одреди времето на коагулација. На тој начин ќе ја одреди соодветната доза на антикоагулантниот лек.
- *Мефлокин* (за лекување маларија), *бупропион* (за лекување депресија) и *трамадол* (се користи при силна болка) – можен ризик од појава на грчеви.
- *Невролептици* (за лекување шизофренија, психози) и антидепресиви (трициклични антидепресиви и селективни инхибитори на повторно преземање на серотонин) – можен ризик од појава на грчеви.
- *Флекаинид, пропафенон, метопролол* (се користат при болести на срцето и/или на крвните садови); *кломипрамин* и *нортриптилин* (антидепресиви) и *рисперидон, тиоридазин и халоперидол* (антипсихотици) - можеби ќе треба да се прилагоди дозата на Есциталопрам Лек.
- *Лекови кои предизвикуваат намалување на нивото на калиум и магнезиум во крвта,* бидејќи овие состојби го зголемуваат ризикот од појава на животозагрозувачки нарушувања на срцевиот ритам.

## 3. Како да го употребувате Есциталопрам Лек

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.*

Лекот Есциталопрам Лек можете да го земате со или без храна. Таблетите земајте ги со чаша вода.

Есциталопрам Лек 10 mg: ако е потребно, таблетата можете да ја поделите на две еднакви половини.
Есциталопрам Лек 20 mg: ако е потребно, таблетата можете да ја поделите на четири еднакви дела.

**Возрасни**
<u>Депресија</u>
Обично се препорачува да се зема 10 mg Есциталопрам Лек, еднаш на ден. Вашиот лекар може да Ви ја зголеми оваа доза, најмногу до 20 mg Есциталопрам Лек на ден.

<u>Панични нарушувања</u>
Почетна доза е 5 mg Есциталопрам Лек, еднаш на ден во првата недела, а потоа дозата се зголемува на 10 mg Есциталопрам Лек на ден. Вашиот лекар може да Ви ја зголеми оваа доза, најмногу до 20 mg Есциталопрам Лек на ден.

<u>Социјално анксиозно нарушување</u>
Обично се препорачува да се зема 10 mg Есциталопрам Лек, еднаш на ден. Во зависност од тоа како Ви влијае оваа доза, Вашиот лекар може да ја намали дозата на 5 mg или да ја зголеми најмногу до 20 mg Есциталопрам Лек на ден.

<u>Генерализирано анксиозно нарушување</u>
Обично се препорачува да се зема 10 mg Есциталопрам Лек, еднаш на ден. Вашиот лекар може да Ви ја зголеми оваа доза, најмногу до 20 mg Есциталопрам Лек на ден.

*Опсесивно-компулзивно нарушување*
Обично се препорачува да се зема 10 mg Есциталопрам Лек, еднаш на ден. Вашиот лекар може да Ви ја зголеми оваа доза, најмногу до 20 mg Есциталопрам Лек на ден.

**Постари пациенти (над 65 години)**
Обично се препорачува да се зема 5 mg Есциталопрам Лек, еднаш на ден. Вашиот лекар може да Ви ја зголеми оваа доза, најмногу до 10 mg Есциталопрам Лек на ден.

**Деца и адолесценти (под 18 години)**
Есциталопрам Лек не треба да се употребува кај деца и кај адолесценти под 18 години (за повеќе информации, видете го делот 2 „Бидете посебно внимателни со Есциталопрам Лек").

**Времетраење на лекувањето**
- Може да поминат неколку недели пред да се почувствувате подобро. Треба да продолжите со земањето на лекот, дури и ако се чувствувате подобро.
- Не ја менувајте дозата без да се посоветувате со Вашиот лекар.
- Продолжете да земате Есциталопрам Лек онолку долго колку што Ви кажал Вашиот лекар. Ако многу рано престанете со земање на лекот, симптомите на болеста може да се вратат. Се препорачува терапијата да трае најмалку уште 6 месеци по подобрувањето.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Есциталопрам Лек е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза Есциталопрам Лек отколку што треба**
*Ако сте земале поголема доза од Есциталопрам Лек отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

Ако сте земале повеќе од пропишаната доза, информирајте го веднаш Вашиот лекар или одете во најблиската болница. Земете го пакувањето на лекот за да му го покажете на лекарот. Направете го ова дури и ако немате знаци за предозирање. Некои од знаците за предозирање можат да бидат: замаеност, тремор, агитација, грчеви, кома, гадење, повраќање, промена во ритамот на срцето, намален крвен притисок, промена во рамнотежата на вода и сол во организмот.

**Ако сте заборавиле да земете Есциталопрам Лек**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

Ако сте пропуштиле доза и се сетите пред да си легнете, земете ја веднаш. Наредниот ден продолжете ја терапијата по вообичаениот редослед и земете ја дозата во вообичаеното време. Ако се сетите доцна во ноќта или наредниот ден, пропуштете ја оваа доза и земете ја дозата во вообичаеното време.

**Ефекти кога престанува третманот со Есциталопрам Лек**
Не ја прекинувајте терапијата сè додека не Ви каже Вашиот лекар. Кога ќе треба да завршите со терапијата, прво мора постепено да се намалува дозата во тек на неколку недели, пред целосно да се прекине употребата на лекот.

Ако одеднаш прекинете со земањето на лекот, може да Ви се појават симптоми кои се чести и карактеристични за прекин на терапијата. Ризикот е поголем ако Есциталопрам Лек се употребува долго време или во високи дози или ако дозата е намалена за многу кратко време. Кај повеќето пациенти овие симптоми се умерени и поминуваат спонтано за две недели, но понекогаш кај некои пациенти може да бидат и сериозни или да траат подолго (2-3 месеци или подолго). Ако почувствувате сериозни симптоми при прекинување на терапијата со Есциталопрам Лек, Веднаш информирајте го Вашиот лекар. Тој може повторно да Ви го пропише лекот и многу побавно да ја намалува дозата.

*Симптомите при прекин на терапијата вклучуваат*: замаеност (нестабилност или нерамнотежа), чувство на боцкање и трнење, чувство на печење и помалку често чувство на електричен шок (вклучително и во главата), нарушување на спиењето (соништа, кошмари, неможност да спиете), анксиозност, главоболка, гадење, потење (вклучително и ноќно потење), замор, тремор (треперење), збунетост, дезориентираност, преосетливост или возбуденост, пролив (течна столица), нарушувања на видот, силно срцебиење (палпитации).

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови, така и Есциталопрам Лек може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Несаканите дејства обично поминуваат за неколку недели. Имајте во вид дека повеќето од ефектите може да бидат симптоми на Вашата болест и поради тоа може да се намалат откако ќе почнете подобро да се чувствувате.

Веднаш известете го Вашиот лекар или одете во ургентното одделение во најблиската болница доколку во текот на третманот кај Вас се појави некое од долунаведените несакани дејства:

*Помалку чести (можат да се појават кај 1 од 100 лекувани пациенти):*
- необични крвавења, вклучувајќи и крвавења од гастроинтестиналниот систем.

*Ретки (можат да се појават кај 1 од 1 000 лекувани пациенти):*
- отоци на кожата, јазикот, усните, грлото или лицето, уртикарија или потешкотии со дишењето или со голтањето (алергиска реакција);
- висока температура, вознемиреност, конфузија, треперење и нагли контракции на мускулите. Ова може да бидат симптоми на една ретка состојба наречена серотонински синдром.

*Непозната фреквенција (не може да се утврди од расположливите податоци):*
- отежнато мокрење;
- напади (конвулзии), видете го делот „Бидете посебно внимателни со Есциталопрам Лек“;
- пожолтување на кожата и на белките на очите (знаци на влошување на функцијата на црниот дроб / хепатитис);
- забрзан, неправилен срцев ритам и несвестица, кои можат да бидат симптоми на животозагрозувачка состојба позната како torsade de pointes;
- мисли за самоповредување или самоубиство (видете го делот 2 „Бидете посебно внимателни со Есциталопрам Лек“);
- ненадејно отекување на кожата или на слузницата (ангиоедем).

Пријавени се и следните несакани дејства:

*Многу чести (можат да се појават кај повеќе од 1 од 10 лекувани пациенти):*
- мачнина;
- главоболка.

*Чести (можат да се појават кај 1 од 10 лекувани пациенти):*
- затнат нос или течење на носот (синузитис);
- намален или зголемен апетит;
- вознемиреност, замор, необични соништа, тешкотии при заспивање, сонливост, вртоглавица, проѕевање, треперење, трпнење на кожата;
- пролив, запек, повраќање, сува уста;
- зголемено потење;
- болки во мускулите и во зглобовите (миалгија и артралгија);
- сексуални нарушувања (одложена ејакулација, проблеми со ерекцијата, намалена сексуална желба, кај жени: тешкотии во постигнување оргазам);
- замор, треска;
- зголемена телесна тежина.

*Помалку чести (можат да се појават кај 1 од 100 лекувани пациенти):*
- уртикарија, исип, чешање;
- чкрипење со забите, возбуденост, нервоза, паничен напад, збунетост;
- нарушувања во вкусот, нарушувања во спиењето, несвестица (синкопа);
- проширени зеници (мидријаза), нарушувања на видот, ѕвонење во ушите (тинитус);
- паѓање на косата;
- прекумерно менструално крвавење;
- нерегуларен менструален циклус;
- намалена телесна тежина;
- забрзана работа на срцето;
- отекување на рацете или на нозете;
- крвавење од носот.

*Ретки (можат да се појават кај 1 од 1 000 лекувани пациенти):*
- агресивност, деперсонализација, халуцинации;
- забавена работа на срцето.

*Непозната фреквенција (не може да се утврди од расположливите податоци):*
- намалено ниво на натриум во крвта (симптомите се чувство на лошење, слабост во мускулите, збунетост);
- замаеност при станување поради низок притисок (ортостатска хипотензија);
- абнормални тестови за функцијата на црниот дроб (зголемени вредности на црнодробните ензими во крвта);
- нарушувања на движењата (ненадејни движења на мускулите, кои не може да се контролираат);
- болни ерекции (пријапизам);
- знаци на абнормално крвавење, на пр. крвавење од кожата и слузницата (ехимози) и ниско ниво на тромбоцити во крвта (тромбоцитопенија);

- зголемена секреција на антидиуретичниот хормон (ADH), која предизвикува задршка на вода и разредување на крвта со што се намалува количината на натриум (несоодветна секреција на ADH);
- истекување на млеко кај мажи и кај жени кои не дојат;
- манија;
- промена на срцевиот ритам (таканаречена „пролонгиран QT-интервал“, која може да се утврди на ЕКГ преку мерење на електричната активност на срцето);
- тешко вагинално крвавење набрзо по породувањето (постпартална хеморагија), видете го делот „Бременост и доење“ за повеќе информации.

Како дополнување, некои несакани дејства кои се јавуваат кај други лекови кои дејствуваат слично како Есциталопрам Лек се:
- моторен немир (акатизија);
- недостаток на апетит;
- зголемен ризик од фрактури на коските.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**Пријавување на несаканите дејства**
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

Со пријавување на несаканите дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.

## 5. Чување и рок на употреба на Есциталопрам Лек

Нема посебни упатства за чување.
**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено.*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**
Есциталопрам Лек 5 mg: 11-1697/2
Есциталопрам Лек 10 mg: 11-7715/2
Есциталопрам Лек 20 mg: 11-7716/2